# УПАТСТВО

## ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД КОМОРАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПРАВНИТЕ ЛИЦА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

**Комора на Република Северна Македонија за приватно обезбедување**

**Министерство за внатрешни работи**




01.10.2025

# ПОВАЖНИ ПРОПИСИ ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

- ЗАКОН ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
- ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ НА ЛЕГИТИМАЦИИТЕ ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ И УПОТРЕБА
- ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
- ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА, ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
- ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ПРОГРАМИТЕ И НАЧИНОТ НА ОСПОСОБУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА ЗА ФИЗИЧКО И ТЕХНИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОЛАГАЊЕТО НА СТРУЧНИТЕ ИСПИТИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
- ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОВИТЕ И ТИПОВИТЕ НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ И ДРУГИТЕ СРЕДСТВА ЗА ПРИСИЛБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ВРШАТ ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, БРОЈОТ НА ЧАСОВИ ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА ГАЃАЊЕ СО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА НАЛОГОТ ЗА НОСЕЊЕ НА ОРУЖЈЕ
- ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ТРАНСПОРТ И ПРЕНОС НА ПАРИ И ДРУГИ ВРЕДНОСНИ ПРАТКИ
- ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА КОИ СЕ ДОЛЖНИ ДА ИМААТ ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
- УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ПРИМЕНА НА СРЕДСТВАТА ЗА ПРИСИЛБА
- ЗАКОН ЗА ОРУЖЈЕТО
- ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО И НЕДОСТОЈНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ
- ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
- ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ РАБОТИ
  (Контрола на посебно опремено возило за транспорт на пари и други вредносни пратки и на работникот за обезбедување кој го управува возилото)

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19 и 110/19 и 121/24), а во врска со членовите 66, 67 и 68 од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 164/13, 148/15, 193/15 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), министерот за внатрешни работи донесе

# УПАТСТВО

# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД КОМОРАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПРАВНИТЕ ЛИЦА ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

**Член 1**

Со ова упатство се уредува начинот на вршење надзор над Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување и правните лица за приватно обезбедување од страна на надлежните организациски единици во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството) и Комисијата за вршење на надзор над работата на Комората и правните лица за приватно обезбедување (во натамошниот текст: Комисијата).

**Член 2**

Надзорот над правните лица за приватно обезбедување опфаќа:
- надзор над правните лица кои вршат приватно обезбедување во вид на давање на услуги за физичко обезбедување;
- надзор над правните лица кои вршат приватно обезбедување во вид на давање на услуги за техничко обезбедување;
- надзор над правните лица кои вршат приватно обезбедување за сопствени потреби и
- надзор над работниците за физичко обезбедување и над работниците за

**Член 3**

(1) Надзорот од членот 2 од ова упатство, се спроведува како:
- редовен;
- вонреден и
- контролен.

(2) Редовен надзор е најавен надзор, што се врши најмалку еднаш во календарската година.

(3) Вонреден надзор се врши, по правило, ненајавено, врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички или правни лица, како и во случај на сомневање од страна на надлежна организациска единица во Министерството.

(4) Контролен надзор се врши по истекот на рокот определен во записникот за надзор.

**Член 4**

(1) Надзорот од членот 2 од ова упатство, го вршат овластени службени лица и униформирани полициски службеници од Министерството.

(2) Надзор над правните лица од членот 2 алинеи 1, 2 и 3 од ова упатство, врши Комисијата за вршење на надзор над работата на Комората и правните лица за приватно обезбедување.

(3) Надзорот од членот 2 алинеја 4 од ова упатство, го вршат униформирани полициски службеници континуирано, во рамките на своето работење согласно закон.

**Член 5**

(1) Надзорот на Комисијата се состои од:

- утврдување дали и како се спроведува Законот за приватно обезбедување и прописите донесени врз основа на Законот за приватно обезбедување;
- проверка на евиденцијата на склучените договори за приватно обезбедување помеѓу давател и корисник на услуга за физичко односно техничко обезбедување;
- преглед на деловните простории, техничките средства и уреди и возилата кои се употребуваат во вршењето на работи на приватно обезбедување;
- проверка на начинот на чување и носење на огненото оружје, како и на оспособеноста за ракување и употреба на огненото оружје и проверка на евиденциите за огненото оружје и муницијата и евиденциите за извршените задолжителни контролни гаѓања;
- проверка на начинот на примена на овластувањата на работниците за обезбедување и евиденциите за употребата на овластувањата согласно со членовите 52 и 54 од ЗПО;
- оценување на исполнетоста на условите утврдени со закон по барањето за издавање дозвола за обезбедување во вид на давање услуги и дозвола за обезбедување за сопствени потреби;
- оценување на исполнетоста на условите утврдени со закон во постапката за одземање на дозволата за обезбедување;
- проверка дали правните лица кои добиле дозвола за приватно обезбедување отпочнале со работа во рок од шест месеци од денот на издавањето на дозволата за приватно обезбедување и во истиот рок поднеле до Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување барање за издавање на легитимациите за приватно обезбедување за работниците за приватно обезбедување;
- проверка на евиденцијата на вработените работници за обезбедување на кои им е издадена легитимација за обезбедување;
- водење сметка дали правните лица кои имаат дозвола за обезбедување во вид на давање на услуги и дозвола за обезбедување за сопствени потреби во текот на своето работење во континуитет ги исполнуваат условите од членовите 13 и 14 од ЗПО;
- преземање мерки во врска со извршениот надзор од страна на униформираните полициски службеници, односно определува рок за отстранување на утврдени неправилности;

- проверка дали правното лице ги отстранило неправилностите во определениот рок.

(2) За извршениот надзор во правните лица кои вршат приватно обезбедување Комисијата изготвува записник.

(3) Содржината на записникот од ставот (2) на овој член, е дадена на Образец бр.1, кој е составен дел на ова упатство.

**Член 6**

(1) При спроведување на надзорот на работниците за физичко обезбедување и работниците за техничко обезбедување, униформиран полицискиот службеник врши:

- идентификација на работникот и проверка на неговата легитимација,
- утврдување на правното лице во кое е вработен работникот;
- проверка дали работникот носи униформа или ознака/обележје на правното лице во кое е вработен;
- проверка дали работникот е задолжен со оружје, број на дозвола, налог за носење оружје и како ракува со истото.

(2) За извршениот надзор полицискиот службеник изготвува записник и констатира евентуални прекршоци за што постапува согласно закон.

(3) Полицискиот службеник со писмена акт го доставува записникот од ставот (2) на овој член до надлежната организациска единица во Министерството за граѓански работи со известување за извршениот надзор.

(4) Надлежната организациска единица во Министерството за граѓански работи во врска со надзорот и доставеното известување со записник од страна на полицискиот службеник, доставува известување до Комисијата, со цел преземање мерки и активности за постапување на правното лице согласно закон.

(5) Содржината на записникот од ставот (2) на овој член, е дадена на Образец бр.2, кој е составен дел на ова упатство.

**Член 7**

Надлежната организациска единица за граѓански работи:

- ги евидентира издадените, одземените и поништените дозволи за приватно обезбедување за правните лица кои вршат приватно обезбедување во вид на давање на услуги за физичко обезбедување, правните лица кои вршат приватно обезбедување
во вид на давање на услуги за техничко обезбедување и правните лица кои вршат приватно обезбедување за сопствени потреби и
- ја известува Комората за издавање и престанувањето на важноста на дозвола за обезбедување, како и за поништување на дозволата, во рок од 15 дена од денот на издавањето, одземањето односно поништувањето на дозволата.

**Член 8**

(1) Секторите за внатрешни работи задолжително ги евидентираат сите правни лица кои имаат седиште и кои работат на територија на Секторот за внатрешни работи, и тоа поединечно за:

- правните лица кои вршат приватно обезбедување во вид на давање на услуги за физичко обезбедување

- правните лица кои вршат приватно обезбедување во вид на давање на услуги за техничко обезбедување и
- правните лица кои вршат приватно обезбедување за сопствени потреби.

(2) Евиденциите од ставот (1) на овој член, содржат: назив на правното лице, седиште, име и презиме на одговорното лице, вид, број и дата на издавање на дозвола за вршење приватно обезбедување, број на легитимации за приватно обезбедување.

**Член 9**

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на неговото донесување

Број 13.1.1-103008/1
01-10-2025 2025 година

МИНИСТЕР
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Панче Тошковски



Образец бр. 1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
______________________________________________

Број________________________

Датум_______________________

## З А П И С Н И К
**за извршен надзор**

Врз основа на членовите 66, 67 и 68 од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр.166/12, 164/13, 148/15, 193/15 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), овластените службени лица од Министерството за внатрешни работи:

1.______________________________________________________________________________

2.______________________________________________________________________________

3. _____________________________________________________________________________

4.______________________________________________________________________________

(име и презиме)

на ден _____________________________во време од _________ часот до __________ часот извршија надзор над работата на правното лице:

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

со
седиште_________________________________________________________________________

При надзорот од страна на правното лице присуствуваа:

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Комисијата изврши редовен/вонреден/контролен надзор при кој се утврди следното:

Правното лице го спроведува Законот за приватно обезбедување и прописите донесени врз основа на Законот за приватно обезбедување ДА НЕ

Евиденцијата на склучените договори за приватно обезбедување помеѓу даваетл и корисник на услуга за физичко односно техничко обезбедување се води согласно закон ДА НЕ

Деловните простории, техничките средства и уреди и возилата кои се употребуваат во вршењето на работи на приватно обезбедување се согласно закон ДА НЕ

Чување и носење на огненото оружје и оспособеност за ракување и употреба на огненото оружје е согласно закон ДА НЕ

Евиденциите за огненото оружје и муницијата се водат согласно закон ДА НЕ

Евиденциите за извршените задолжителни контролни гаѓања се вршат согласно закон ДА НЕ

Начин на примена на овластувањата на работниците за обезбедување е согласно закон ДА НЕ

Евиденции за употребата на овластувањата се водат согласно закон ДА НЕ

Евиденција на вработените работници за обезбедување на кои им е издадена легитимација за обезбедување се води согласно закон ДА НЕ

Ги исполнува условите од членовите 13 и 14 од Законот за приватно обезбедување ДА НЕ

Правното лице ги отстранило неправилностите во определен рок по укажување за отстранување на неправилности ДА НЕ

ЗАБЕЛЕШКИ:

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

Записникот е составен во два идентични примероци од кои еден примерок е врачен на

________________________________________________________________________________

По  читање на записникот согласно присутните лица ја дадоа следната забелешка:

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Присутни од правното лице: Овластени службени лица:

______________________ ____________________________

______________________ ____________________________

______________________ ____________________________

____________________________

____________________________

____________________________

ЛЕШКА: Записникот се пополнува со впишување и заокружување

Образец бр. 2

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ _______
Бр. ________________________
___________ 20 _____ година

Врз основа на член 66 од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр.166/12, 164/13, 148/15, 193/15 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20) се составува

# З А П И С Н И К

за извршена контрола над лице кое врши работи на обезбедување

На ден ___________________ 20______ година во времето од ____________ часот до ____________ часот извршена е контрола во ________________________________________________

(име на правно лице)

со седиште на ________________________________________во________________________,
во согласност со член 66 од Законот за приватно обезбедување, односно надзор над спроведувањето на одредбите и прописите донесени врз основа на Законот за приватно обезбедување.

Контролата е извршена од страна на униформиран полициски службеник, ________________________________________________

(име и презиме)

при што е констатирана следната состојба:

Затекнато лице кое во моментот на контролата врши работи на обезбедување:

________________________________________________

(име, татково име и презиме)

вработен во

________________________________________________

________________________________________________

(назив на правното лице кое дава услуги на обезбедување)

На барање на полициските службеници истиот да се легитимира, лицето покажа / не покажа легитимација за обезбедување бр. ____________________ издадена од Комора на РСМ за приватно обезбедување.

При контролата лицето носеше / не носеше вооружување и тоа вид ________________________________, марка____________, калибар ___________, број ____________________, дозвола за носење на оружје и налог бр.____________од _________________година, издадена од ________________________________, сопственост на ________________________________________________________________________________________________

(правно лице кое дава услуги на обезбедување за сопствено обезбедување или друг вид на сопственост)

При контролата лицето носеше / не носеше униформа или ознака/обележје на правното лице во кое е вработено.

Контролиран:

____________________________

УПС кои контролирале:

1. __________________________________
2. __________________________________
3. __________________________________

ЗАБЕЛЕШКА: Записникот се пополнува со впишување и заокружување

www.obezbeduvanje.org.mk
www.moi.gov.mk